Се задолжува инвеститорот, по завршувањето на градбата, а пред нејзина употреба, да достави извештај за извршен технички преглед од надзорниот инженер,а за објекти за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2 изведувачот е должен да достави изјава заверена кај нотар дека објектот е изграден во согласност со одобрението за градење и основниот проект.

О б р а з л о ж е н и е

Инвеститорот ГОЛДЕН ЕГ, Дооел, с. Вибегово, Скопје, поднесе барање бр. 23-49 од 12.03.2019 година, за издавање на Одобрение за градење на објект со намена Г2-лесна индустрија, штала за кокошки - несилки од Втора категорија, КП 102/1, КО Визбегово, Општина Бутел.

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1. Извод од архитектонско урбанистички проект за с. Визбегово бр.27-01/1220/2 од 09.01.2019 година;
2. Идеен проект доколку истиот претходно е доставен и одобрен согласно со членот 48-а од Законот за градење;
3. Основен проект со техн. бр.001/2019 изработен од МАГЕНТА ИНЖЕНЕРИНГ;
4. Ревизија на основниот проект со бр. 19/19 од извршена од Марио-Комерц Дооел, Скопје (но не и за градби наменети за индивидуално домување со бруто површина до 300 м2) ;
5. Доказ за право на градење, имотен лист бр.903 од 06.12.2018 година;
6. Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште со тех.бр.08/19-025-3 од 01.02.2019 год. изработен од ГЛОНАС ДООЕЛ Скопје;
7. Елаборат за заштита на животната средина со тех.бр.04/01/18 изработен од "МАНЕКО СОЛУШНС ", Скопје;
8. Мислење за проектираниот степен на механичка отпорност,стабилност и сеизмичка заштита на градбата бр.0807-256/3 од 05.03.2019 година;
9. Доказ за извршена уплата за административна такса за издавање на Одобрение за градење во износ од 1500,00 денари согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси и
10. Доказ-акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште бр.23-49 од 02.05.2019 година издаден од Општина Бутел.

Согласност и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:
ЈП Водовод и канализација, Скопје, ДЗС Чаир, Евн КЕЦ Васил Главинов

Врз основа на горе изнесеното,
Општина БУТЕЛ - СКОПЈЕ
(надлежен орган)
одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:
Против ова одобрение за градење може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот за транспорт и врски.

Таксата по тарифен број 1 од Законот за административни такси во износ од 50 денари е наплатена и приложена со барањето.

Изработил:
Александра Журкова Трајковска

Име и презиме и потпис на овластено лице

Слободан Невенов

Додаток 8 Одобрение за доградба и надградба

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина БУТЕЛ
Бр. 23-48
03.05.2019 год.
СКОПЈЕ

ОДОБРЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
на ден 30.05.2019 год.
датум на заверка 06.06.2019 год.
Референт По овластување на градоначалникот

Градоначалникот на Општина БУТЕЛ - СКОПЈЕ, решавајќи по барањето на инвеститорот ГОЛДЕН ЕГ дооел, с.Вибегово, Скопје, со адреса на ул. 1552 бр 70, Визбегово, поднесено под број 23-48 од 12.03.2019 година, за издавање на Одобрение за доградба и надградба на објект со намена Г2-лесна индустрија, од Втора категорија, врз основа на член 58, став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/2016, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18, и 168/18), а во врска со член 87 и член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Р.М." бр.124/15), го издава следното:

Одобрение за доградба и надградба

На инвеститорот ГОЛДЕН ЕГ дооел, с.Вибегово, Скопје му се одобрува доградба и надградба на објект со намена Г2-лесна индустрија, од Втора категорија на г.п.1.1 согласно АУП со тех.бр. 47/18, изработен од ИНГРА дооел Скопје за КП 102/1, КО Визбегово, Општина Бутел.

Одобрение за градење се издава за целата градба.

Инвеститорот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

Се задолжува инвеститорот, по завршувањето на градбата, а пред нејзина употреба, да достави извештај за извршен технички преглед од надзорниот инженер,а за објекти за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2 изведувачот е должен да достави изјава заверена кај нотар дека објектот е изграден во согласност со одобрението за градење и основниот проект.

О б р а з л о ж е н и е

Инвеститорот ГОЛДЕН ЕГ дооел, с. Вибегово, Скопје, поднесе барање бр. 23-48 од 12.03.2019 година, за издавање на Одобрение за доградба и надградба на објект со намена Г2-лесна индустрија, од Втора категорија на г.п.1.1 согласно АУП со тех.бр. 47/18, изработен од ИНГРА дооел Скопје за КП 102/1, КО Визбегово, Општина Бутел.

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1. Извод од архитектонско урбанистички проект за с. Визбегово бр. 27-01/1220/2 од 09.01.2019 година;
2. Основен проект со техн. бр.002/2019 изработен од МАГЕНТА ИНЖЕНЕРИНГ дооел Скопје;
3. Ревизија на основниот проект со техн. бр. 20/19 од извршена од МАРИО-КОМЕРЦ дооел, Скопје;
4. Доказ за право на градење, имотен лист бр.903 од 06.12.2018 година;
5. Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште со деловоден број: 08/19-025-3 од 01.02.2019 год.;
6. Елаборат за заштита на животната средина со тех.бр.04/01/18 изработен од МАНЕКО СОЛУШНС дооел, Скопје;
7. Мислење за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата бр.0807-276/3 од 05.03.2019 година;
8. Доказ за извршена уплата за административна такса за издавање на Одобрение за градење во износ од 1500,00 денари согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси и
9. Доказ-акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште бр.23-48 од 02.05.2019 година издаден од Општина Бутел.

Согласност и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:
ЈП Водовод и канализација, Скопје, ДЗС Чаир, Евн КЕЦ Васил Главинов

Врз основа на горе изнесеното, Општина Бутел – Скопје одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:
Против ова одобрение за градење може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот за транспорт и врски.

Таксата по тарифен број 1 од Законот за административни такси во износ од 50 денари е наплатена и приложена со барањето.

Изработил:
Ана Младеновска

Име и презиме и потпис на овластено лице

Слободан Невенов

Додаток 9 Упис во регистар на АХВ

Република Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр 07-6354/2
26.12.2011 год

До: **ЖИВИНАРСКА ФАРМА „ГОЛДЕН ЕГ“**
Г-дин ЕМИН ЗЕЌИРИ
Бул. „Македонска Косовска Бригада“ бр. 50/23 С.ВИЗБЕГОВО

III Македонска бригада бб
Зграда на Македонија Табак
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 2457893
Факс: (02) 2457893
Е-пошта: info@fva.gov.mk
Сајт: www.fva.gov.mk

Предмет: Известување

Почитувани,

Согласно Членот 12 од Законот за заштита и благосостојба на животните (Службен весник на РМ 113/2007 и 136/2011) и Вашето поднесено барање за упис во регистарот на објекти каде се чуваат животни за фармски цели ве известуваме дека сте впишани во регистарот на објекти каде се чуваат животни за фармски цели.
Вашиот Регистарски број на одгледувалиште за објектот кој е лоциран с.Визбегово качанички пат бб скопје **128800906.**
Согласно одредбите од Правилникот за формата и содржината на регистарот, информациите потребни за регистрација на објектите во кои се чуваат животни за фармски цели и начинот на регистрација (Службен весник на РМ 161/2011) и Правилникот за начинот на означување на јајцата намнети за пазар и јајцата наменети за инкубација, ознаките и употребата на ознаките (Службен весник на РМ 35/2011), јајцата кои се пласираат на пазарот покрај регистерскиот број на одгледувалиштето треба да бидат означени и со ознака за начин на одгледување и ознака за земјата на потекло. Согласно тоа, јајцата кои се пласираат на пазарот а се произведени во Вашето одгледувалиште треба да бидат означени следниот број: **3MK128800906.**

Со почит,

Директор,
Дејан Рунтевски

ДОСТАВЕНО ДО:

- Емин Зеќири с.Визбегово
- Агенција за храна и ветеринарство-Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните
- Архива

Додаток 10 Заклучок за искравка на техничката грешка

Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

УП – I бр. 15- 3417/1
17.11.2022 година
1000 Скопје

Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, врз основа на член 97 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015), а во врска со решението УП – I бр. 15-1423 од 29.09.2022 година, донесе:

З А К Л У Ч О К
за исправка на техничка грешка

1.Во решението УП – I бр. 15-1423 од 29.09.2022 година се исправа следната техничка грешка:

Во табелата во диспозитивот на решението:
- во делот на капацитет, наместо бројот “6 000 јајца/ден” треба да стои бројот “12 000 јајца/ден”,
- во делот на број на одобрение, наместо бројот на одобрение “МК 01 10 0179” треба да стои бројот на одобрение “МК 01 10 0565”.

2. Останатите делови во управниот акт остануваат непроменети.

3. Оваа исправка произведува правно дејство од денот од кој произведува правно дејство решението што се исправа.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Агенцијата за храна и ветеринарство постапувајќи по барањето УП – I бр. 15-1423 од 20.04.2022 година, доставено од страна на операторот со храна ДПОЖ ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје, Ул. „1552“ бр. 70, Визбегово, 1010 Скопје донесе решение УП – I Бр. 15-1423 од 29.09.2022 година за одобрение за операторот со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло – објект за сортирање и пакување на јајца, лоциран на ул.1552 бр.70 Визбегово Скопје. Со записник ИП - I бр. 25-3401 составен од страна на официјалниот ветеринар од П.Е. Скопје на ден 06.10.2022 година, при спроведен вонреден инспекциски надзор во ДПОЖ Голден ЕГ ул.1552 бр.70 Скопје констатирано е дека доделениот одобрен број МК 01 10 0179 се однесува на веке постоечката сортирница за јајца со локализирана активност која сеуште е во функција. Поради настаната техничка грешка на ново одобрениот објект треба да се додели нов број на одобрение. Исто така е констатирано дека треба во решението да се зголеми и капацитетот на сортирање и пакување на јајца од сопствено производство на 12 000 јајца на ден.

qualityaustria SYSTEM CERTIFIED

Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Во решението е направена наведената техничка грешка, заради што во смисла на член 97 од Законот за општа управна постапка требаше да се исправи.

ПРАВНА ПОУКА: Против овој заклучок незадоволната страна може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и работен однос во втор степен.

в.д. Директор,
Николче Бобовски

Изработил: Мелита Ј. Трајковска
Одобрил: м-р Сашко Арсов

Доставено до:
- именуваниот
- П.Е. Скопје
- архива на АХВ

qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED

Додаток 11 Решение за одобрение за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло

Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

УП – 1 бр. 15-1423
29-09.2022 година
1000 Скопје

Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, решавајќи по барањето УП – 1 бр. 15-1423 од 20.04.2022 година од ДПОЖ ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје, Ул. „1552" бр. 70, Визбегово, 1010 Скопје со единствен матичен број 6459064 за одобрување на оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло, врз основа на член 17 и член 51 од Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16, 64/18), го донесе следното

РЕШЕНИЕ
за одобрение за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло

Носител на одобрението – оператор со храна	ДПОЖ ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје Ул. „1552" бр. 70, Визбегово, 1010 Скопје
Назив на објектот	ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје
Локација на објект	Ул. „1552" бр. 70, Визбегово, 1010 Скопје
Вид на објект	објект за производство, обработка и манипулација со јајца и производи од јајца - објект за сортирање и пакување
Дејност	сортирање и пакување на јајца
Суровина	конзумни јајца од сопствено производство
Производ	конзумни јајца
Животинска врста (species)	живина – кокошки несилки
Капацитет	6.000 јајца/ден
Број на одобрение	МК 01 10 0179

Носителот на одобрението е должен да ја извести Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија за секоја настаната измена во просторот, инфраструктурата, опремата и активностите.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ДПОЖ ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје, Ул. „1552" бр. 70, Визбегово, 1010 Скопје достави барање УП – 1 бр. 15-1423 од 20.04.2022 година за одобрување на оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со производи од животинско потекло.

Стручната комисија на Агенцијата за храна и ветеринарство постапувајќи по наведеното барање и издаденото решение за времено одобрение за оператор со храна

qualityaustria

Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло, изврши повторен увид на лице место констатирано со записник број УП – I бр. 15-1423 од 26.09.2022 година, изготви мислење УП – I бр. 15-1423 од 26.09.2022 година и оцени дека на објектот и операторот со храна може да му се издаде решение за одобрение за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло.

Врз основа на напред наведеното, а согласно член 17 и член 51 од Законот за безбедност на храната, се одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка има право да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и работен однос во втор степен.

Административна такса од ЗАТ во износ од 400,00 денари е приложена кон барањето.

Надоместок согласно Одлуката за висината на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Северна Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата, во износ од 22.000,00 денари е приложен кон барањето.

в.д. Директор,
Наумче Бабовски

Изработил: Мелита Ј. Трајковска
Одобрил: м-р Сашко Арсов

Доставено до:
- именуваниот
- П.Е. Скопје
- архива на АХВ

Додаток 12 Договор за превземање на живинско ѓубриво

Друштво за производство на електрична енергија
ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО
бр. 05-54/1
01.09 2024 год.
ГРАДСКО

ДОГОВОР
ЗА ОТКУП НА ОРГАНСКИ ОТПАД

Склучен во Градско на 01.09.2024 година помеѓу:

Помеѓу:

1. Вардар Био Процес ДОО Градско, со седиште на ул. Автопат бр.4 , Градско, застапувано од Благоја Тужароски, како Откупувач и

2. Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с.Визбегово СКОПЈЕ, седиште ул/ 1552 бр.70 Визбегово СКОПЈЕ, ЕМБС 6459064, застапувано од Еми Зејири како Продавач.

Член 1

Откупувачот е трговско друштво кое се занимава со производство на електрична енергија од биогас. За целите на вршењето на дејноста има потреба од користење на органски отпад. Продавачот е трговско друштво кое при вршењето на неговата дејност продуцира органски отпад кој треба соодветно да се третира. Поради тоа договорните страни имаат интерес од меѓусебна ,соработка со цел правилно третирање и користење на органскиот отпад, а со тоа и спречување на влегување органски отпад во депонии или согорувачи. Со реализацијата на овој договор се влијае врз зачувување на животната средина, елиминирање на мирисите, штетните гасови и елиминирање на CO2 во атмосферата, а со тоа се штеди енергија бидејќи може да се произведе во форма на биогас.

Член 2

Предмет на овој договор е регулирање на правата и обврските помеѓу договорните страни во врска со откуп на органски отпад од **кокошки.**

Член 3

Продавачот се обврзува целокупниот органски отпад од неговото производство да го продава исклучиво на Откупувачот. Предавањето на отпадот ќе биде од седиштето односно производствените капацитети на Продавачот, а транспортот ќе биде обврска на Откупувачот. За секоја поединечна тура Откупувачот ќе издава кантарни белешки и приемници, а количината на откупениот отпад ќе се утврдува со мерење во објектите на откупувачот (на неговата вага) веднаш по утоварот на отпадот.

Член 4

Откупувачот се обврзува да го откупи целото количество на органски отпад кое го има Продавачот. Откупувачот се обврзува веднаш по известувањето од страна на Продавачот дека истиот има отпад, во претходно дадените термини за подигање на отпадот на неделна основа, да обезбеди превоз на отпадот од капацитетите на

Продавачот до неговите капацитети. Веднаш по утоварот Откупувачот ќе изврши мерење на отпадот за што е должен да издаде кантарна белешка и приемница.

Член 5

Договорните страни се согласни откупната цена да биде 150 денари за еден тон. Количините ќе се утврдуваат единствено врз основа на уредно потпишани кантарни белешки и испратници. Ако превземената количина има помалку од 1-5 тона, цената по тон ќе се дефинира спогодбено, со цел да има економска исплатливост на превозот.

Член 6

Продавачот се обврзува целокупното количество на органски отпад да го испорачува единствено на Откупувачот. Откупувачот има обврска да ги откупи целокупните количини на органски отпад.

Член 7

Договорот се склучува за временски период од 10 (десет) години. Договорот може да се раскине само спогодбено, по заемна согласност на договорните страни, или едностранo од страна на превземачот доколку нема економска исплатливост на превземачот. Договорот престанува да важи доколку една од договорните страни престане со работа или на друг начин ќе престане да постои.

Член 8

Договорните страни се согласни во случај на евентуален спор кој би произлегол во врска со овој договор стварно и месно надлежен да биде Основниот Суд Скопје II.

Член 9

Овој договор е составен во 2 (два) еднообразни примерока од кои по 1 (еден) за секоја договорна страна.

Договорни страни:

Вардар Био Процес

ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ

2

Додаток 13 Договор за превземање на угината живина

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP
Бр./Nr.: 03- 1200/2
21.08 2025 год.
СКОПЈЕ / SHKUP 1

ДОГОВОР

Склучен помеѓу:

Јавното претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје, со седиште на Бул.Илинден ББ Скопје, Центар, локација на депонијата ул.1 бр. 382 Батинци, Студеничани, П фах 34,со ЕМБС 6533191, ЕДБ 4080009506800, жиро сметка 300000003384172 на Комерцијална Банка АД Скопје, **како Давател на услуги** застапувано од **В.Д. Директорот Самир Хусени и**

Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с.Визбегово Скопје со седиште на ул. 1552 бр. 70 Визбегово, Бутел – ЕМБС 6459064: ЕДБ 4038009500253, жиро сметка 300-000002887241 на Комерцијална Банка АД Скопје, **како Корисник на услуга,** застапувано од **Управител Емин Зеќири.**

Член 1

Предмет на овој договор е прием на прехранбени стоки, согласно Листата на видови отпад (Сл.весник на РМ бр.100/05) и Измената на А-Интегрираната Еколошка Дозвола на ЈП Депонија ДРИСЛА број УП1-11/3-1541/2021 од 27.07.2022 год. издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 2

Корисникот на услугата се обврзува со сопствено или изнајмено возило кое има дозвола за транспорт на отпад кој е предмет на овој Договор, да го транспортира отпадот од чл.1 во депонија Дрисла со однапред договорен термин за уништување и изготвена соодветна документација согласно Законот за управување со отпад (Сл.весник на РСМ 216/21) и Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад (Сл.весник на РМ бр.7/06) и други подзаконски акти кои ја регулираат оваа област, како и однапред да достави копија од Лабораториска анализа за отпадот издадена од акредитирана лабораторија. Корисникот на услугата се задолжува 2 дена пред секое носење на отпадот да ги извести референтите за уништување на отпад Натка Среброва natka.s@drisla.mk 076/317-116 и Оливер Мирчески oliver@drisla.mk 075/208-387 за прехранбени стоки на што ќе добие одговор и термин за понатамошно постапување со отпадот.

Член 3

Давателот на услугата се обврзува возилата со отпад да ги прифати во однапред договорен термин, да изврши мерење на отпадот и издаде Кантарна Белешка за количината и видот на измерениот отпад, да ги провери и контролира транспортниот и идентификациониот формулар, да го посочи местото за истовар придржувајќи се на технолошкиот процес на депонирање на отпадот. Давателот на услугата при приемот на отпад ги проверува, контролира и соодветно дополнува транспортниот и идентификациониот формулар согласно Законските и подзаконски акти наведени во чл.2 од овој Договор и по еден примерок од двата задржува за себе.

Член 4

Договорните страни се согласни Корисникот да го истовари отпадот од сопственото возило со свои работници на местото посочено од Давателот на услугите. Корисникот на услугата е должен да му достави листа на возила со кои ќе врши транспорт на отпад до депонијата. Доколку дојде до измена за истата да не известите заради дигиталната база на ЈП Депонија Дрисла.

Член 5

Цената на извршената услуга ќе се наплати согласно важечкиот Тарифник на Давателот на услугата изнесува:-3.100,00 ден/тон за прехранбени стоки
Цената за наведените услуги е без пресметан ДДВ (5%)

Член 6

Корисникот на услугата е согласен доколку отпадот кој го донесе не е предмет на договор, а го има во А-Интегрираната Еколошка Дозвола на ЈП Депонија ДРИСЛА издадена од

Изготвил: О.Абдула
Контролирал: Б.Андоновска
Одобрил : С.Стојаноска

Министерството за животна средина и просторно планирање, да биде тарифиран согласно важечкиот Тарифник на Давателот на услугата.

Член 7

Доколку давателот на услугата изврши било какви промени во методологијата или цената на услугите, Давателот на услугите го задржува правото истите да ги примени.
Давателот на услугите е должен најмногу 30 дена откако промените од став 1 на овој член ќе стапат во сила, да го извести Корисникот на услугите за истите, а Корисникот на услугите има право доколку промените за него не се прифатливи да го раскине овој Договор во рок од 30 дена од добивањето на известувањето.

Член 8

Давателот на услугата на крајот на месецот ќе му фактурира на Корисникот на услугите.
Давателот на услугите се обврзува заедно со фактурата на Корисникот на услугата да му достави и спецификација со пресметки за извршените услуги.
Корисникот на услугата е должен доставената фактура да ја плати до 8-ми (осми) во месецот за претходниот месец. Доколку паричната обврска не е исполнета во договорениот рок Давателот на услугата има право да пресмета и наплати казнена камата утврдена со Закон и надоместок за доцнење при исполнувањето на паричната обврска согласно Законот за финансиска дисциплина.

Член 9

Доколку Корисникот на услугите не плати две последователни фактури, Давателот на услугите има право да прекине со давањето на услугата се до подмирување на обврските, без претходно да има обврска да го извести Корисникот на услугата.

Член 10

За се што не е опфатено со одредбите на овој Договор ќе важат општите одредби на ЗОО.

Член 11

Овој Договор стапува на сила со денот на неговото потпишување и е со важност од **1 (една) година**.
Договорот може да биде раскинат и пред истекот на наведениот период доколку едната страна во пишана форма ја извести другата страна 30 (триесет) дена пред датата која го утврдила за престанок на Договорот.
Корисникот на услугата се согласува да го потпише и врати договорот во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на договорот. Во спротивно договорот нема да се смета за склучен.

Член 12

Измени и дополнувања на овој Договор може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни, по писмен пат со Анекс на овој Договор.

Член 13

Доколку настане спор од одредбите на овој Договор двете страни ќе го решат спогодбено, а ако тоа не е можно надлежен е Основниот Граѓански Суд во Скопје.

Член 14

Овој Договор е изготвен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) примероци потпишани и заверени за секоја договорна страна.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

Давател на услуга
ЈП депонија Дрисла Скопје
В.Д. Директор

Самир Хусени

Корисник на услуга
ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ
с.Визбегово Скопје
Управител

Емин Зеќири

Изготвил: О.Абдула
Контролирал: Б.Андоновска
Одобрил : С.Стојаноска

KPAJ